**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "ВАНЧО НИКОЛЕСКИ"**
**ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за учебната 2022/23 година**



**Јули, 2023 година**
**Лескоец**

**Директор**
**Сашо Климоски**

# ВОВЕД

ООУ „Ванчо Николески” - Лескоец, Охрид, учебната 2022/23 година ја започна навреме, на 01.09.2022 година со физичко присуство и ја заврши на 14.06.2023 година. Во текот на учебната година имаше продолжување на зимскиот распуст поради временските неприлики од 3 дена, кои се надокнадија во јуни 2023, па бројот на наставни денови со кои се заврши учебната 2022/23 година е 180.

Учебната година започна со физичко присуство за сите ученици од I – IX одделение според првпат после две години пандемија без некои посебни протоколи за реализација на настава во време на пандемија, но со препораки за максимална заштита и почитување на основните хигиенаски правила за реализација на наставата во посточеките материјално – технички и програмски услови.

Во текот на учебната година во целост се реализираа наставните планови и програми одобрени од МОН. Планираните родителски средби, други средби со родители, како и состаноците на стручните органи и тела во текот на целата година редоно се реализираа со физичко присуство, но кога имаше потреба тие се реализираа на комуникациската платформа Microsoft Teams, поради тоа што се покажаа како многу поефикасни и попрактични.

Врз основа на формативното следење на учениците, наставниците навреме ги оценија учениците, а успехот, редовноста и поведението беа утврдени на Наставнички совет на 14.06.2023 година (за учениците од IX одделение) и 20.06.2023 (за останатите ученици).

Свидетелствата на учениците од IX одделение беа доделени на 20.06.2023 поради уписите во средно училиште, додека свидетелствата на учениците од I до VIII се доделија на 30.06.2023.

Во учебната 2022/23 година се применуваа нови наставни програми за I, II, IV и V одделение и старите наставни програми за III, VI, VII VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование, за што наставниците навремено ги доставија нивните планирања. Така, оваа учебна година од основното образование излезе деветтата генерација ученици кои завршија IX одделение. Овие ученици своето образование ќе го продолжат во средно училиште, а за конкурсот и условите за уписи беа професионално ориентирани и запознаени преку средби и консултативни разговори од страна на стручната служба во текот на месеците мај и јуни.

На почетокот на учебната година повеќето учениците добија бесплатни учебници од тие со кои располагаше училиштето, освен неколку ученици по некои предмети за кои според помалиот број во претходната генерација – не успеаја да добијат, но наставниците тоа тековно го средуваа. Исто така има предмети по кои учениците воопшто немаат учебници, поради тоа што не се доставени од страна на МОН (Географија за VII и IX одделение; Музичко образование и Техничко образование и информатика за IV; Англиски јазик од I – V одделение; Граѓанско образование во IX). Учебниците по македонски јазик во V одделение што ги добија на крајот од учебната година. Според однапред направен распоред дадените учебници во јуни беа вратени и предадени на следната генерација ученици. Исто така нарачани се и потребните комплети и учебници што недостасуваат за наредната учебна година.

Годишната програма за работа на училиштето беше навремено изработена според новиот Правилник од 08.07.2020 година, ги содржеше сите потребни елементи и прилози, и како таква разгледана на редовна седница на Наставнички совет и Училишен Одбор, запознаен беше Советот на родители, а потоа предложена и одобрена од Советот на општина Охрид.

Во текот на месец мај се реализира запишување на ученици за прво одделение за во Лескоец и за во подрачните училишта. Се запишаа вкупно 31 деца (25 во Лескоец, 5 во ПУ Косел, 1 во ПУ Куратица, а во ПП Ливоишта не се запиша ученик во прво одделение). Сите запишани 31 деца се редовни обврзници и се родени 2017 година, и нема дете родено во јануари 2018 година. Со сите ученици беше направено набљудување и разговор со педагогот и психологот во училиштето на 19.06.2023 година, кога беше пополнет нивниот матичен лист, а учениците добија потврда за запишување како првачиња во нашето училиште. Сите потребни податоци за новозапишаните ученици во I одд. во нашето училиште беа навремено испратени во ДПИ и БРО како што беше побарано од нив.

Изминатава учебна година беа реализирани и образовни мобилности за трите Еразмус+ проекти што ги доби нашето училиште за реализација во период од 2020 до 2022, а пролонгирани поради Ковид пандемијата до 2023 година. Првиот проект е насловен како „Се грижам за климатските аспекти, рециклирањето и еколошките вредности/ I take care of Climate Aspects, Recycling and Ecological Values", а соработуваме со училишта од земјите: Шпанија – координатор, Естонија, Финска, Полска и Чешка. Вториот проект е насловен како „Наша култура, наша иднина/Our culture, our future"), а партнери сме со училишта од земјите: Романија – координатор, Италија, Португалија, Хрватска (остров Корчула) и Турција. Третиот проект е насловен како „Стратегии за подобрување на редовноста и намалување на бегањето од часови/ Strategies for  improving attendance and reducing truancy", а соработуваме со училишта од: Италија – координатор, Италија, Турција, Србија и Словенија. Координаторите на Еразмус+ проектите редовно се во контакт со партнер земјите, а активностите реализирани во рамки на Еразмус+ програмата редовно се документираат и промовираат во локалната средина. Во рамки на овие Еразмус+ проекти се реализираа 4 мобилности од проектот „Наша култура, наша иднина/Our culture, our future" (Португалија, Италија, Турција и Корчула), потоа 4 мобилности од проектот насловен како „Стратегии за подобрување на редовноста и намалување на бегањето од часови/ Strategies for  improving attendance and reducing truancy" (Македонија – ние бевме домаќини, Турција, Словенија и Италија) и 4 мобилности (Чешка, Македонија – ние бевме домаќини, Финска и Шпанија) од проектот „Се грижам за климатските аспекти, рециклирањето и еколошките вредности/ I take care of Climate Aspects, Recycling and Ecological Values". Со тоа, ги завршивме сите образовни мобилности и во авгст 2023 година ги затворивме овие 3 Еразмус+ проекти, по што сме препознатливи во општина Охрид. Еразмус тимот од училиштето подготви и аплицираше со нови Еразмус+ проекти, за што чекаме резултати.

Во рамки на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието" нашето училиште оваа учебна година (во октомври и ноември 2022) заедно со партнер училиштето ОУ "Јунус Емре" од  Лисичани, општина Пласница, ги реализираше работилниците од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Работилниците се реализираа преку две возвратни посети на партнер училиштата. Подрачното училиште во с. Косел беше домаќин за првата средба која се реализира на 13-ти Октомври. Во работилниците учествуваа вкупно 20 наставници и стручни соработници и 57 ученици од двете партнер училишта. Втората средба се реализираше на 29-ти Ноември во просториите на основното училиште "Јунус Емре" во с. Лисичани, Пласница. Целта на овие средби беше преку интерактивни работилници да се избришат меѓуетничките бариери кај нашите ученици и да се промовира интеграција, толеранција и соживот. Учениците од двете училишта на интерактивен начин, а под водство на тандеми од наставници, учествуваа во

работилница за одделенска настава, македонско - турска, математичка, биолошка, географска и работилница за техничко образование.

Активностите од реализација на активности во рамки на проектите: Еразмус+, Macedonia schools project, Проектот ПМИО и други активности во соработка со здруженија и НВО организации беа промовирани и преку нашата веб страна, но и во сите локални, па дури и национални медиуми.

Оваа учебна година повторно се реализираа посети со збратименото училиште ОУ “Светозар Маркович” од Лесковац, Република Србија на нашиот ден на училиштето. Имено, делегација од 4 наставници и директорот беа гости на нивната свеченост по повод Денот на училиштето во декември 2022, а 5 наставници беа гости на нашата свечена приредба по повод Патрониот празник на училиштето, во мај 2022 година. Со тоа се продолжи 10 годишното дружење кое го започнавме со ова училиште, а две години беше прекинато ради пандемијата со Ковид 19. Со збратименото училиште имаме соработка, комуникација и желби за идни заеднички планови и активности.

Изминатава учебна година поголемиот дел од наставниците секојдневно ги испраќаа своите унифицирани дневни оперативни планирања на е-маил адреса во училиштето, специјално отворена за таа намена. До истата пристап имаа директорот и стручната служба, кои секојдневно вршеа увид во дневните планирања и водеа забелешки за нивната редовност. Евиденцијата за испратени оперативни планови е уредно архивирана во канцеларијата на ППС и се зема во предвид при оценување на водењето на ПЕ и Д од страна на наставниците.

Во текот на учебната 2021/22 година изготвувавме Самоевалуација 2022, која беше усвоена во август 2022 година, а во текот на 2022/23 година подготвувавме Развојна програма на училиштето, која ќе биде усвоена во август 2023 година. Во периодот од 16 – 18 Ноември 2023 во училиштето беше спроведена Интегрална евалуација од тим просветни инспектори. За резултатите добивме нацрт извештај врз основа на кој изработивме акционен план за надминување на слабостите.

Оваа учебна година во училиштето имаше продолжен престој за учениците од одделенска настава во Лескоец и ПУ Косел.

Оваа учебна година не успеавме да добиеме еден образовен асистент од Ресурсниот центар во Битола. Во текот на целата година правевме апори да добиеме образовни асистенти барем за двајцата ученици за кои е попотребно, но не успеавме поради тоа што во проценката од МКФ не беше напишано дека им е потребен образовен асистент.

Во училиштето функционираа училишен инклузивен тим и два тима за инклузија на три ученици со посебни потреби, составени од: директорот, педагошко – психолошката служба, наставници, родител, одделенски наставник и образовен асистент (евентуално). Преку заеднички консултации и состаноци на овие тимови, се планираше работата со учениците со посебни потреби и се водеше соодветната евиденција од нивниот напредок. Тимовите даваа соодветна поддршка на работата на наставниците и образовниот асистент со УПОП.

## УСЛОВИ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА

Како приоритетни задачи во годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 година имавме поставено 11, и тоа:

1. Решавање на имотно-правните односи на училиштето.
2. Реконструкција на влезот на училиштето во Лескоец.

3. Развивање на капацитетите од наставниците за современа, ефикасна и квалитетна настава.
4. Обезбедување дефектолог во училиштето.
5. Уредување на паркингот на училиштето во Лескоец.
6. Санација на дел од кровот (кај еден од влезовите) на училиштето во Лескоец.
7. Изградба на настрешница во ПУ Косел (од зградата до санитарните јазли).
8. Реконструкција на санитарните јазли во ПУ Косел.
9. Поставување олуци на училиштето во ПУ Куратица.
10. Изградба на спортски терен за одбојка во училиштето во Лескоец.
11. Изградба на спортска сала во Лескоец.

**Првиот, четвртиот, петтиот, деветтиот, десеттиот и единаесетиот приоритет** не успеавме да ги реализираме, дел од нив бидејќи не обезбедивме средства за реализација на истите, а некои од нив поради пречки на кои наидувавме (нерешени имотно – правни односи).

**Вториот приоритет**, ***Реконструкција на влезот на училиштето во Лескоец*** се реализира на почетокот на годината кога се реконструира со кулирпласт, абриб, кнауф, а и целосно се осветли.

**Третиот приоритет*, Развивање на капацитетите од наставниците за современа, ефикасна и квалитетна настава*,** го реализиравме во континуитет давајќи информации за обуки, вебинари органзириани за подобрување на компетенциите на наставниот кадар. Во текот на учебната година се организираа и посетија повеќе семинари и обуки за наставниците и стручната служба од училиштето во оваа насока, организирани од БРО, МОН или од други организации и акредитирани институции. Најголем дел од обуките се однесуваа за успешно реализирање на наставата по одредени наставни предмети, како и внесување на некои новини во наставата. Исто така во текот на учебната година се реализираа и двете обуки на наставниците во организација на БРО, а реализирани од страна на ЦЕС академија на тема: „ ***Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост“*** и ***„Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“,*** со која беа опфатени сите наставници. Стручните соработници пак ги посетија обуките: ***„Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој“*** и ***„Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима на час“.***

Во однос на **четвртиот приоритет**, О***безбедување дефектолог во училиштето***, испратено е барање до МОН, но се' уште не е обезбеден дефектолог од нивна страна. Во овој контекст не успеавме да добиеме ниту еден образовен асистент од Ресурсниот центар во Битола. Побарани беа образовни асистенти за тројца ученици, но не добивме поради тоа што во ниту една од трите проценки за учениците од МКФ не пишуваше дека е потребен образовен асистент. Наставничките во чии паралелки учат учениците со ПОП со потешкотии ја реализраа наставата во текот на целата учебна година. Минатата учебна година училиштето изготви и Функционална анализа, во која обработените податоци укажуваат повторно на големата потреба од вработување дефектолог во нашето училиште.

**Шестиот приоритет**, ***Санација на дел од кровот (кај еден од влезовите) на училиштето во Лескоец***, се реализира, но произлеле друг проблем на истото место кој треба оваа година да се санира.

**Седмиот и осмиот приоритет**, ***Изградба на настрешница во ПУ Косел (од зградата до санитарните јазли)*** и ***Реконструкција на санитарните јазли во ПУ Косел*** во целост се реализира оваа година, со што значително се подобрија хигиенските услови во ова подрачно училиште.

**Деветтиот приоритет**, ***Поставување олуци на училиштето во ПУ Куратица,*** исто така се реализира, поставени беа олуци во ова пордрачно училиште.

Унапредувањето на воспитно - образовниот процес е наша клучна определба и секоја учебна година се посветува посебно внимание. Пред почетокот на изминатата учебна година посебен акцент се стави на годишните тематско - процесни планирања, јакнење на капацитетите за реализација на наставата, структурирање на часовите, водење на ПЕиД (посебно во делот на новите Обрасци 15, 16 и 17 за воннаставни активност, дополнителна и додатна настава), ефективност на часовите, размената на искуства во рамки на стручните активи, консултативни разговори, работа со наставници кои имаа потреба од поддршка, професионален развој на кадарот, сè со цел интерактивна настава, поголема ефективност на наставата, зачувување на стандардите на квалитет, но во исто време креирање здрава безбедна училишна средина и зачувување на менталното здравје на учениците.

Исто така зголемување на безбедноста на учениците и можностите за изготвување и вклучување во проекти, беше наш императив изминатава учебна година. Голем број ученици имаа можност да бидат вклучени во образовни мобилности во и надвор од нашата држава, што им донесе големо искуство во однос на нивните комуникациски вештини на англиски јазик, вештини за презентирање, како и јакнење на нивната самодоверба.

Сигурни сме дека подобрените услови за работа, стекнатите нови искуства и знаења на воспитно – образовниот кадар ќе придонесат за постигнување подобри воспитно - образовни резултати во годините што следуваат.

## ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ
## Јуни 2022/23 година

### ЦУ ЛЕСКОЕЦ

На крајот од оваа учебна година во централното училиште во Лескоец наставата ја завршија вкупно 234 ученици, од кои 116 во одделенска, а 118 ученици во предметна настава.

Учениците од I - III (71) се описно оценети, додека учениците од IV до IX (163) одделение се оценети бројчано.

Од I – III одделение од вкупно 71 ученици, 32 целосно ги постигнале поставените цели, 36 делумно ги постигнале поставените цели, додека 3 ученици не ги постигнале целите.

Од IV – IX од вкупно 163 оценети ученици, 74 се одлични, 55 се многу добри, 30 се добри,  4 се доволни и нема ученици со слаби оценки.

Во однос на редовноста состојбата во Лескоец е следна:

- Во одделенска настава на годишно ниво направени се вкупно 2438 изостаноци и сите се оправдани.
- Во предметна настава на годишно ниво направени се вкупно 2152 изостаноци, од кои 105 се неоправдани.

- На ниво на училиште во Лескоец направени се вкупно 4590 изостаноци на годишно ниво, од кои 105 неоправдани, или во просек по 19,6 изостаноци по ученик.

Во однос на минатата година истиов период  се направени 1365 изостаноци повеќе.

## ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците беа на задоволително ниво. Во текот на учебната година беа изрекувани педагошки мерки, но на крајот на учебната година поради подобрување на учениците мерките беа повлечени и сите ученици го завршија одделението со примерно поведение.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 22 предмети што се изучуваат во предметна настава, општ одличен успех е постигнат по предметите: ФЗО, музичко образование и унапредување на здравјето.  Општ добар успех е постигнат по предметите: информатика и германски јазик. По сите други предмети е постигнат општ многу добар успех.

Од споредбениот преглед на успехот по предмети во предметна настава може да се забележи дека дури 9 наставни предмети бележат послаб успех во однос на минатата година истиов период. Тоа се: историја ( - 0,39), ликовно образование (-0,30), хемија (-0,27), иновации (-0,19), ФЗО (-0,16), музичко образование (-0,15), германски јазик (-0,08), биологија (-0,08) и математика (-0,07).

Највисок среден успех постигнат е по ФЗО (4,80) од задолжителните предмети, додека најслаб успех е постигнат по информатика (3,34).

За учениците од VI до IX е пресметан среден успех 4,07 истиот е за 6 стотинки послаб од минатогодишниот во Лескоец (4,13).

## УСПЕХ ПО ПАРАЛЕЛКИ

Од паралелките кои се бројчано оценети, надобар среден успех бележи VIIб (4,30). Следуваат: IXа (4,28); VIIа (4,07); VIб (4,02); IXб (4,01); VIа (4,00); VIIIб (3,98) и VIIIа (3,92). Во однос на минатата учебна година паралелките VIIа, VIIб и VIIIб бележат повисок успех од лани, а другите бележат понизок успех споредено со лани.

## ПУ КОСЕЛ, ПУ КУРАТИЦА И ПП ЛИВОИШТА

Во подрачните училишта оваа учебна година наставата ја следеа 26 ученици во ПУ Косел, 9 ученици во ПУ Куратица и 2 ученици во ПП Ливоишта. Вкупно 37 ученици од I – IX одд. Од вкупно 37 ученици, 26 се во одделенска настава, додека 11 се во предметна настава.

Описно се оценети 15 ученици,  од I – III одделение и се распоредени по категории и тоа: 9 се во прва категорија, 6 се во втора категорија .

Учениците од IV до IX одделение се оценети бројчано, и тоа: од вкупно 22 ученици, 15 се одлични, 6 многу добри, 1 добар и нема ученици со слаби оцени во ПУ во овој период.

Во однос на редовноста на учениците во подрачните училишта, состојбата е следна:

- Во одделенска настава на годишно ниво нема изостаноци.
- Во предметна настава во ПУ на годишно ниво направени се 228 изостаноци, сите оправдани.
- На ниво на подрачни училишта направени се вкупно 228 изостаноци.
- Во однос на минатата година истиов период бројот на изостаноци е намален за 53. Просечно по ученик се 6,16 изостаноци.

## ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците беа на задоволително ниво. Во текот на учебната година не беа изрекувани педагошки мерки на учениците од подрачните училишта.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Во предметна настава во подрачните училишта општ одличен успех е постигнат по предметите: ликовно образование, музичко образование, ФЗО, етика, ТО, иновации, запознавање на религиите, вештини на живеење, биологија и географија. По сите други предмети е постигнат општ многу добар успех. Најслаб успех во ПУ е постигнат по германски јазик (3,85), а најдобар по: ликовно образование, музичко образование, ФЗО, етика, ТО, иновации, вештини на живеење, биологија и географија (5,00). Во однос на успехот на наставните предмети споредени со лани послаб успех бележат: граѓанско образование (-0,83), природни науки (-0,80), македонски јазик и историја (-0,25), германски јазик (-0,10), додека сите останати предмети бележат позитивна разлика. Највисока позитивна разлика бележи информатика (+1,43).

За паралелките од VI до IX од ПУ е пресметан среден успех 4,76 и е за 39 стотинки повисок од минатогодишниот.

## УСПЕХ ПО ПАРАЛЕЛКИ

Рангирани според најдобар успех паралелките од ПУ се: VII Куратица (5,00); VII Косел (4,94); IX Куратица (4,80); VI Косел (4,50).

Во однос на минатата учебна година паралелката VI Косел бележи понизок успех, а другите бележат повисок успех споредено со лани.

# ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

Наставата во текот на годината на ниво на училиште ја следеа вкупно 271 ученици (за 1 помалку од минатата година). Од нив 86 се описно оценети, 185 се бројчано оценети.

Од описно оценетите ученици од I – III одделение 41 се во прва категорија, 42 се во втора категорија, а само 3 се во трета категорија.

Од бројчано оценетите вкупно 185 ученици, 89 се одлични, 61 се многу добри, 31 се добри, 4 се доволни и нема ученици со слаби оцени.

На ниво на училиште направени се вкупно 4818 изостаноци, 4713 оправдани, а 105 неоправдани. Просечно секој ученик направил по 17,8 изостаноци. Во однос на минатата учебна година направени се 1312 изостаноци повеќе.

На крајот на учебната година сите 271 ученици се оценети со ПРИМЕРНО ПОВЕДЕНИЕ.

Во IV - IX одделение постигнат е среден успех 4,42 што е за 17 стотинки повисок од минатата учебна година.

# ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## А) Слободни ученички активности

Оваа учебна година слободните ученички активности беа застапени во паралелките од предметна настава, како во централното, така и во подрачните училишта. Нивната активност дојде до израз при одбележувањето на значајни датуми и празници, како на училишно, така и на локално ниво, а исто така и при учество на општинските и регионалните натпревари во спорт.

Учениците на почетокот од учебната година сами се определуваат во која секција сакаат да членуваат, а во текот на работењето на секцијата се реализира програма изработена од одговорниот наставник. Сите наставници кои водеа секција во месец септември доставија програма за работа на секцијата и список на ученици членови на секцијата до стручната служба, а активностите во рамки на секциите уредно ги водеа во Образец 15, за да на крај после извршен увид во истите од страна на ППС добијат архивско бројче за евидентирање во одделенските дневници.

Во училиштето во целост работеа уметнички клуб во Лескоец, еколошка секција, ликовна секција и спортска секција. Нивните активности дојдоа до израз при учеството на литературните конкурси, при учество на натпревари во знаење и спорт, како и при одбележувањето на празници и прослави во училиштето и надвор од него.

# ЛИКОВНА СЕКЦИЈА

Во учебната 2022/23 година за ликовната секција беа пријавени 22 ученици, а работеше под раководство на наставничката Зорица А. Спасеска. Ликовната секција се одржуваше во понеделник, во прва смена после часови, а втора смена пред почеток на часовите. Програмата која беше предвидена за работа на ликовната секција беше реализирана во целост, вкупно 36 часа. Целите кои беа планирани беа исполнети, учениците беа исполнителни и вредни во завршување на своите работни задачи. Откако се формира ликовната секција, учениците добија насоки кои

материјали ќе им бидат потребни, кои техники и мотиви ќе бидат опфатени. Учениците стекнаа одлична способност за креативно ликовно творење, како во индивидуална така и во групна работа. Тековно изработките беа изложувани на паноата во училишниот хол.

Учевствуваа во одбележување на значајни датуми како и разни настани, како што се: 5 Октомври - светски ден на учителот, 20 Ноември - светски ден на детето, 8ми Март, Нова Година












По повод Патрониот празник во нашето училиште членовите на ликовната секција ја изготвија сценографија за приредбата по повод патрониот празник на нашето училиште" Ванчо Николески" на тема "Мојот херој - мој идол".




По повод Денот на екологијата, членовите на ликовната секција сликаа контејнери што служат за собирање материјали, рециклирање хартија и пластика.










Ликовната секција имаше учество на бројни конкурси во нашата држава: „Водата ве води во средно“ - СУГС Браќа Миладиновци, Скопје; „Битолски монмартр“, Битола; Светски ден на штедењето, Скопје и др. На конкусот организиран од Општина Охрид на тема „Есен", ученичката Елена Чулческа од VIIб доби III награда.
Исто така членовите на ликовната секција во соработка со Еразмус+ проектите се вклу;и во изработка на творби на тема „Екологија“, користејќи различни техники по сопствен избор, дополнети со различни пароли за планетата Земја, за водата, за чување на чиста природа и околина и сл. Овие изработки беа ставени во календар за учебната 2022/23 година.

## ЕКОЛОШКА СЕКЦИЈА

Во рамките на еколошката секција во училиштето во Лескоец вклучени се вкупно 34 ученици, а одговорни наставници се наставничката по географија Татјана Пуцоска Бунчевска и наставничката по биологија Елена Ел Нади. Еколошката секција беше формирана во септември, а исто така беше одбрано и раководство на секцијата. На вториот состанок на еколошката секција учениците беа запознати со планот и програмата за работа.

На 29 Септември 30 ученици од еколошката секција беа дел од едукативната екскурзија за мапирање и правилно управување со трската во Охридското Езеро, која се реализира на бродот Александрија. Едукативната екскурзија беше наменета за ученици од основните училишта, а освен нашите имаше ученици и од ООУ „Братство единство“ и ООУ „Св. Климент Охридски“. Исто така имаше претставници и од Секторот за образование од општина Охрид. Целта на едукативниот настан беше подигнување на еколошката свест кај најмладите, посета на места во Охридското Езеро важни за трската, стекнување знаења за правилен третман на трската и нејзината важност за флората и фауната во Охридското Езеро. Учениците преку најразлични едукативни вежби и работилници се запознаваа меѓусебно, стекнаа нови знаења за зачувување на животната средина, практични вештини, а во исто време се

дружеа и поминаа прекрасно корисно време заедно.Е дукативната екскурзија беше во рамки на проектот: „Мапирање и управување со трската во Охридското Езеро“ што се спроведува во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Целта на овој проект е подигнување на свеста за значењето и правилно управување со трската. Едукативната екскурзија беше во организација на Здружението за заштита и одржлив развој на животната средина – Регионален Зелен Центар од Охрид, со кој нашето училиште и еколошката секција има долгогодишна соработка и учество во повеќе проекти.

На 16$^{ти}$ Октомври беше одбележан Денот на здрава храна со тоа што сите ученици како ужинка јадеа овошје. Во рамките на еколошката секција беше донесена одлука секој петок сите ученици задолжително да јадат овошје, се со цел зголемување на свесноста на учениците за здрав начин на исхрана. Од страна на сите ученици во училиштето се почитуваше препораката за јадење на овошје и истото беше почитувано во текот на целата учебна година. Во октомври беше спроведена акција за собирање на стара хартија. Голем дел од учениците на училиште донесоа хартија која не им е потребна со цел истата да се рециклира. Во рамките на училиштето беа поставени пакети со пароли за рециклирање на хартија, каде учениците ја оставаа хартијата што ја носеа. Оваа акција беше испратена и од страна на наставниците кои активно се вклучија и дадоа свој придонес за да се собере што повеќе стара хартија.

Еколошката секција го обелжа и 1$^{ви}$ Декември Светски ден за борба против сидата**,** преку предавање по повод денот за борба против сидата, симптоми, начин на заболување и заштита од истата. Пред новогодишните празници членовите од еколошката секција активно учествуваа во украсувањето на холот во училиштето.

Февруари беше месец кога повторно акцентот беше ставен на здравата храна. Од учениците беше изработен постер на кој беше прикажана пирамида на исхрана. Истиот беше поставен на видно место во холот на училиштето со цел да се поттикне свеснота кај учениците за правилна и здрава исхрана.

Еколошката секција го одбележа и 5$^{ти}$ Март, Светски ден за заштеда на енергија, со читање на текст и дискусија како да се штеди енергијата и како можеме повеќе да ги користиме обновливите извори на енергија. На 21$^{ви}$ Март традиционално беше обележан Денот на екологијата со голем број активности од членовите на еколошката секција. Учениците собираа отпад низ улиците околу училиштето, го уредуваа и разубавуваа училишниот двор, а беа посадени голем број на цвеќиња и садници.











Исто така во текот на акцијата, учениците испишаа голем број еколошки пораки, сакајќи да ја поттикнат еколошката свест кај сите граѓани. Исто така во рамките на одбележување на овој ден дел од учениците од еколошката секција од предметна настава имаа изработено облека од материјали што се рециклираат, испраќајќи силна порака за реупотреба на искористените материјали и намалување на отпадот.









Преку овие активности учениците од еколошката секција се обидоа да ја подигнат еколошката свест и да покажат грижа за зачувување на чиста и здрава животна средина. Во рамките на одбележувањето на Денот на екологијата беше одбележан и 22 $^{ри}$ Март, Денот за заштита на водите.

Одбележувањето на Светскиот ден на здравјето беше извршен со презентација која беше направена од страна на учениците од секцијата, а беше презентирана на сите ученици од училиштето.

На 15 $^{ти}$ Мај беше одбележан Меѓународниот ден за заштита на климата преку изработка на презентација за ефектот на стаклена градина. Исто така од страна на еколошката секција беше одбележан и 24$^{ти}$ Мај, Светскиот ден против пушењето. Преку дискусија беше изнесено за штетноста од пушењето и во оваа акција активно учествуваа сите членови на секцијата.

На завршниот состанок на 14$^{ти}$ јуни беше направена анализа на реализацијата на наставната програма од еколошата секција, а исто така беше изнесено сите активно да учествуваме во заштита на животната средина. Работата на еколошката секција во учебната 2022/23 година заврши со еколошка акција за чистење на училишниот двор.









## УМЕТНИЧКИ КЛУБ

Во уметничкиот клуб членуваат 25 ученици од VIII и IX одделение. Клубот се формираше во септември 2022, го водеше наставничката по македонски јазик Емилија Блажеска, а се работеше според програмата за работа на уметничкиот клуб. Уметничкиот клуб со свои точки настапи на Свечената програма по повод Денот на востанието 11 Октомври, организирана од општина Охрид. Настапија со кореографија на песната „Јовано, Јованке“.



По повод 7 Ноември, Денот на ослободувањето на Охрид, уметничкиот клуб настапи со сценска адаптација на песната „Деспина“ на Свечената академија организирана од општина Охрид.





Дел од членовите на уметничкиот клуб настапи новогодишната програма во маркет Кам организирана од Црвен крст Охрид, нречена Новогодишна елка.



Настапија и на новогодишната приредба и новогодишниот базар во училиштето, како и на Велигденскиот базар организиран од општина Охрид, кој се одржа на плоштадот Крушевска република.






Уметничкиот клуб го подготви поголемиот дел од приредбата по повод Патрониот празник на нашето училиште, насловен „Мојот херој – мој идол“.

**ХОР И ОРКЕСТАР**

Хорот и оркестарот ги води наставникот Тони Ѓоргиевски. Во рамки на оркестарот во второто полугодие беше зададена песната *Весела песна* од Дац и Александар која беше изведена по повод Патрониот празник на училиштето. Оркестарот оваа учебна година беше реализирана со учениците од VI и VII одделение во ПУ Косел и тројца ученици од VIII и IX од Лескоец. Во првото полугодие беа обработувани песните *Twinkle, Twinkle* и *Joy to the world*, додека во второ полугодие учениците од оркестарот во склад со темата за Патрониот празник ја совладаа песната *Излегол Делчев војвода.*

Наставата по предметот хор оваа учебна година беше реализирана со ученици од VI - IX одделение од училиштето во Лескоец. На почеток од прво полугодие беше работена песната *Ода на радоста* од Бетовен, а потоа беше зададена *Приспивна песна* од Јоханес Брамс и *Joy to the world*. На почетокот од второто полугодие беше зададена песната *Hero* од Mariah Carey во склад со темата за Патрониот празник. На концертот по повод Патрониот празник учество зедоа 15 ученици од кои 14 блок флејти и 1 металофон.

**Б) Натпревари во знаење и спорт**

Во однос на палнираните натпревари, учениците од одделенска и предметна настава во оваа учебна година учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење и спорт по повеќе наставни предмети, при што постигнаа и завидни резултати.

**Во прилог резултати што ги постигнаа нашите ученици од младинскиот турнир во шах Ласкер 2022, одржан на 30.09.2022 година**

**Во категоријата ПИОНЕРИ:**
7 место - Христијан Климоски
11 место - Михаил Чулчески

13 место - Стефан Чулчески
27 место - Василески Филип
28 место - Сотироска Мишела
29 место - Тодороска Тамара

**Во категорија КАДЕТИ:**
4 место - Аврамоски Петар
6 место - Чулчески Никола
7 место - Митрески Златко
12 место - Сотироски Давор
15 место - Чулческа Анастасија
19 место - Христоска Елеонора

**На општинскиот натпревар по Природни науки и Биологија одржан на 10.03.2023 година онлајн, ученици од нашето училиште постигнаа одлични резултати и се пласираа за учество на регионалниот натпревар:**

- Стефан Мирјаноски IVа - I награда
- Ана Деловска IVа - II награда
- Анита Илијовска IVа - II награда
- Филип Василески IVа - II награда
- Јана Влаоска IVа - III награда

***Ментор: Жаклина Трипунова***

- Андреј Кантароски V, ПН - II награда (пласман за регионален)
- Миа Танеска V, ПН - II награда (пласман за регионален)
- Андреа Сотироска V, ПН - III награда (пласман за регионален)
- Димитар Аслимоски V, ПН - III награда (пласман за регионален)
- Христијан Климоски V, ПН - Пофалница
- Анастасија Јованоска (IX ПУ Куратица), Биологија - III награда (пласман за регионален)

***Ментор: Габриела Ѓоргиевска***

- Јана Грујоска V (ПУ Косел) - II  награда (пласман за регионален)

***Ментор: Љубица Тодороска***

- Јована Крстаноска VIII - Биологија/Iнаграда/пласман на регионален
- Еленора Смическа VII Биологија /III награда/пласман на регионален
- Ана Ставреска VI Природни науки/III награда/пласман на регионален
- Андреа Базгалоска Природни науки/пофалница
- Јана Аслимоска Природни науки/пофалница

***Ментор: Елена Ел Нади***

**На општинскиот натпревар по Географија одржан на 07.03.2023 година учество зедоа девет ученици од VI до IX одделение, се постигнаа следниве резултати:**

- Кристина Настоска VII ПУ Косел - II место
- Наталија Тодороска IX - III место
- додека ученичките Тамара Зенгоска VI и Јана Петрушевска VII - пласман на регионален натпревар

***Ментор: Татјана Пуцоска Бунчевска***

**На регионалниот натпревар по Математика ученици од нашето училиште ги постигнаа следниве резултати:**

- Христијан Климоски Va – 75 бода, II место
- Димитар Аслимоски Va – 42 бода, пофалница

***Ментор: Силвана Смическа***

- Миа Танеска Vб - III награда

***Ментор: Елеонора Ѓорѓиеска***

- Ана Деловска 70 бода, II награда
- Анита Илијовска 75 бода II награда
- Филип Василевски 65 бода II награда
- Стефан Мирјаноски 42 бода

***Ментор: Жаклина Трипунова***

- Алек Грнчески 70 поени II награда

***Ментор: Билјана Петреска***

**На општинскиот натпревар по Англиски јазик одржан на 18.03.2023 година, учествуваа ученици од нашето училиште и ги постигнаа следниве резултати:**

- Симона Котоска, V ПУ Куратица – III место и пласман за регионален

***Ментор: Весна Трпоска***

- Мики Грнчески IX - пофалница
- Давор Сотироски VIII - пофалница
- Дејан Ванѓелофски VI – пофалница

***Ментор: Елисабета Настоска***

**На регионалниот натпревар по Англиски јазик ЕЛТАМ одржан на 08.04.2023 година:**

- Симона Котоска, V ПУ Куратица – II место и пласман за државен

***Ментор: Весна Трпоска***

**На регионалниот натпревар по Биологија одржан онлајн на 07.04.2023 година и Природни науки одржан онлајн на 10.04.2023 година, ученици од нашето училиште постигнаа одлични резултати и добија пласман за државен натпревар:**

**ПРИРОДНИ НАУКИ**

- Стефан Мирјаноски IVa - пофалница
- Ана Деловска IVa - III награда, без пласман
- Анита Илијовска IVa - III награда, без пласман
- Филип Василески IVa - III награда, без пласман
- Јана Влаоска IVa - III награда, без пласман

***Ментор: Жаклина Трипунова***

**ПРИРОДНИ НАУКИ**

- Ана Ставреска VI - III награда

**БИОЛОГИЈА**

- Јована Крстаноска VIII – II награда и пласман на државен натпревар

- Еленора Смическа VII - II награда и пласман на државен натпревар

***Ментор: Елена Ел Нади***

**ПРИРОДНИ НАУКИ**

- Миа Танеска V - II награда, пласман на државен натпревар
- Андреј Кантароски V - III награда, без пласман
- Андреа Сотироска V - III награда, без пласман
- Димитар Аслимоски V - III награда, без пласман

**БИОЛОГИЈА**

- Анастасија Јованоска (IX ПУ Куратица) - III награда, без пласман

***Ментор: Габриела Ѓоргиевска***

**На регионалниот натпревар по Географија одржан на 08.04.2023 година, се постигнаа следниве резултати:**

- Наталија Тодороска IX - II место и пласман за државен натпревар
- Тамара Зенгоска VI - II место и пласман за државен натпревар
- Кристина Настоска VII ПУ Косел – пласман за државен натпревар

***Ментор: Татјана Пуцоска Бунчевска***

**На регионалниот натпревар по Физика што се одржа на 08.04.2023 на Техничкиот факултет во Битола, ученици од нашето училиште ги постигнаа следниве резултати:**

- Теодора Тодороска VIII – пофалница и пласман на државен натпревар
- Анастасија Чулческа VIII – пофалница и пласман на државен натпревар

***Ментор: Цвета Андреска***

**На државниот натпревар по Географија одржан на 13.05.2023 година, одржан на факултетот за туризам и менаџмент "Проф. Д-р Љубе Миленковски" во Скопје се постигнаа следниве резултати:**

- Наталија Тодороска IXа - I награда
- Кристина Настоска VII ПУ Косел – I награда
- Тамара Зенгоска VIа - III награда

***Ментор: Татјана Пуцоска Бунчевска***

**На државниот натпревар по Природни науки одржан на 10.06.2023 година на Природно – математичкиот Факултет во Скопје, се постигна следниов резултат:**

**ПРИРОДНИ НАУКИ**

- Миа Танеска V - II награда

***Ментор: Габриела Ѓоргиевска***

На сите ученици кои освоија прво, второ или трето место на државен натпревар им беа доделени награди по повод 24-ти Мај, денот на сесловенските просветители од страна на Градоначалникот на Охрид.



## Успеси во натпревари во спорт

- ✓ На општинскиот натпревар во одбојка одржан на 26.04.2023 година, нашите ученици екипно освоија II место.
- ✓ На државниот натпревар во атлетика одржан во Скопје на 16.05.2023 година, во дисциплината скок во далечина Христијан Стојаноски од IXа освои III место.
- ✓ На 26.04.2023 година на општинскиот натпревар во одбојка, ученици од нашето училиште екипно освоија 2-ро место.
- ✓ На општински натпревар во атлетика ученичката Анастасија Јованоска од IX одделение освои III место.
- ✓ Во рамки на спортската лига во футсал што се играше преку целата година, на финалето одржано во УУО „Живко Чинго" – Велгошти на 08.06.2023 година, ученици од VI и VII одделение освоија второ место.

### В) Ученички екскурзии, посети и излети

Во однос на вонучилишните активности, планираните екскурзии и посети во природа се реализира два излети, есенскиот во Скребатно, а пролетниот во Извиднички Центар Охрид. Исто така се реализираа еднодневна екскурзија со учениците од III одделение, дводневна со учениците од VI и тридневна со учениците од IX одделение, на која ја прославија и својата полуматурска вечер. Со ученици од VI и VII одделение до Скопје, каде се посети Планетариум и куќата на мајка Тереза, а со ученици од VIII одделение во Велес се посети куќата на Кочо Рацин, општината и градоначалникот, како и Музејот на град Велес.

### Г) Производствена и општествено корисна работа

Активностите од ова вонннаставно подрачје се целосно реализирани. Учениците најмногу време посветија на уредувањето на училниците, училишните холови, како и уредувањето на дворот и паркот. Во училиштето во рамки на можностите, членови од комисијата за естетско уредување и библиотекарот по повод различни датуми и одбележувања поставуваа изложби од ликовни и литературни творби.

Нашето училиште континуирано реализира активности и едукации за заштита на животната средина, дел од нив ги иницира еколошката секција, но во дел и се вклучува како партнер на тоа што го иницирале други субјекти, здруженија („Зелен центар"). Исто така нашето училиште оваа година беше вклучено во еден Еразмус+ проект кој се однесуваше на подигање на свеста за чување на животната средина, „Се грижам". Во овие меѓународни проекти посебен акцент е ставен во размислување глобално, но делување локално во однос на зачувување на животната средина. Во рамки проектот, учениците во текот на годината правеа активности на оваа тема, споделувајќи со нашите партнери во странство преку образовните мобилности и е – twining платформата.









Со многу активности учениците и наставниците од ООУ „Ванчо Николески“ ја испратија зимата и ја дочекаа пролетта. Доаѓањето на пролетта и потребата за здрава животна средина беа проткаени во низата содржини што денес се случуваа во нашето училиште. Најмалите ученици од одделенска настава го уредуваа училишниот двор, дефилираа со пролетни пароли и испраќаа пораки за грижа за животната средина. Учениците пак од предметна настава го одбележаа Денот на екологијата со акција за чистење на улиците низ Лескоец, собирање отпад низ улиците околу училиштето, го уредуваа и разубавуваа училишниот двор, а беа посадени голем број на цвеќиња и садници. Исто така во текот на акцијата, учениците испишаа голем број еколошки пораки, сакајќи да ја поттикнат еколошката свест кај сите граѓани. Во рамки на одбележување на овој ден дел од учениците од еколошката секција од предметна настава имаа изработено облека од материјали што се рециклираат, испраќајќи силна порака за реупотреба на искористените материјали и намалување на отпадот.



Со еколошки активности, чистење отпад и садење цвеќиња овој ден беше одбележан и во подрачните училишта во Косел и Куратица. Со овие активности ѝ помогнавме на природата да се обои зелена, да биде без отпадоци, ѓубре и смет – за да имаме поубав свет!

Учениците и наставниците од ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец се вклучија во поддршка на лицата со ретки болести, правејќи низа креативни работилници и активности во текот на месец февруари.

Преку обоени лица, дланки, цртежи, пароли и пораки изразија поддршка за лицата со ретки болести и нивната спремност да се подаде рака на истите. Во активностите се вклучија учениците и од подрачните училишта, а меѓу испишаните пораки беа и следниве: **„Ретко е да си редок“, „Со ретките зближи се, за ретките погрижи се“, „Се грижиме дека сте ретки“.**

Нашето училиште секоја година се вклучува во поддршка на лицата со ретки болести, а со тоа нашите ученици ги воспитуваме во духот на прифаќање, почитување, хуманост, помагање, толеранција и грижа за другите. Оваа година и самото училиште во Февруари во вечерните часови го осветлувавме во различни бои, како поддршка на лицата со ретки болести.










По повод Денот на ретките болести и учениците од подрачните училишта заедно со нивните наставници се приклучија во кампањата за поддршка на ретките, со цел да се подигне свеста и солидарноста кон лицата кои страдаат од ретки болести. Се реализираа разни активности за поддршка на луѓето со ретки болести и поддршка во истражувањата на светската медицина за изнаоѓање на потребни и ефикасни лекови. Се обоија дланките со боите на ретките болести за да се даде поддршка, затоа што „Сами сме ретки, заедно сме силни“.





По повод Денот на шегата 1-ви Април во ПУ Косел се одржа ревија на маски, на која сите се радуваа, сите маски беа прекрасни, креативно изработени од рачињата на самите ученици, а во изработката на маската имаа вклучено и рециклирани материјали. Со пораки и пароли ги презентираа нивните интересни шеги со што оставија голем впечаток кај сите останати присутни во училиштето.





## СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Стручните органи и тела работеа според своите донесени планови и програми за оваа учебна година. Дел од редовните, но и вонредните состаноци се реализираа во живо, а дел на конференцискиот сервис Microsoft Teams, бидејќи се покажа дека присуството на членовите на состаноците, ефикасноста и ефективноста од реализација на состаноци онлајн е поголема во однос на претходно. Директорот и стручната служба на училиштето остваруваа активности од 6-те подрачја на воспитно - образовната дејност: планирање и организирање на воспитно - образовната работа, следење на воспитно - образовната работа, аналитичко студиска работа, советодавно инструктивна работа, соработка со општествената средина и учество во подготовките и работата на стручните органи и тела.

Директорот и стручната служба особено внимание посветија на подобрување на материјално – техничките услови за реализација на мулти-медијални часови и интерактивна настава, изготвување на годишните и оперативните планирања, следење и оценување на учениците. Оваа година немавме посета на часови кај наставници самостојно како служба, бидејќи имавме Интегрална евалуација, па во рамки на истата наставницие беа посетувани и од наша страна во тандем со инспекторите. Се следеше и даваше поддршка за реализација на наставата со примена на активни методи и техники. Постојано се даваше поддршка како во делот на технички аспект за реализација на наставата, така и од аспект на методичко – ддактички барања, како и одржување на редовноста, дисциплината и интересот на часовите. По потреба се реализираше советодавна работа со родители и ученици, како и консултативна работа со наставници.

Добар дел од активностите на педагогот и психологот беа посветени на советодавната работа со ученици и родители, со цел подобрување на успехот и поведението на учениците. Исто така работеа на изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, распределбата на часови, ангажираност на наставниците, дефинирање на приоритетите, изготвување на периодичните извештаи за воспитно - образовните резултати, вршеа увид врз планирањата од наставниците

во септември и по потреба, водеа евиденција за сите следења и посети на наставата, професионално ги информираа учениците од IX одделение, ја следеа ВОР, беа дел од училишниот инклузивен тим и од инклузивните тимови за УПОП, беа дел од сите состаноци на стручните активи, настапуваа со свои теми и презентации на разни стрчни тела, беа присутни на сите состаноци на одделенските и наставничкиот совет за кои подготвуваа анализи и извештаи, активно беа вклучени во изготвување видео за одбележување на патрониот празник на училиштето, соработуваа со невладини организации, беа дел од тимот за изготвување проекти, беа координатори и носители на активности на проекти, беа поддршка на наставниците и учениците за време на наставата, беа вклучени во изготвување на Извештајот за 2022/23 година и Личниот план за професионален развој на секој наставник, а исто така го водеа процесот, вршеа набљудување и беа дел и од училишната комисија за запишување на првачиња за наредна учебна година.

Ги изготвија сите извештаи за завршување на учебната година. Од мај до август ги презедоа сите потребни активности за изготвување на Годишната програма за работа на училиштето во наредната учебна година (анкети, разговори, согледување на реализираните приоритети, определување нови приоритети, распределба на часови, планирање на видовите настава, програми по подрачја, прилози и сл.). Исто така во текот на изминатата учебна година службата работеше на изготвување на Развојна програма 2023 - 2027, што се спроведуваше во текот на второто полугодие, а резултатите ќе помогнат во креирање на училишната политика и подобрување на организациската структура.

ППС учествуваше во организирање и следење на работилници и предавања од страна на институции и невладини организации со учениците од нашето училиште. Така, се реализараа работилници за сексуално преносливи болести од страна на пиредукатори од Црвен Крст, презентации на средни училишта за деветтоделенците, како и предавање за месечниот циклус кај девојчињата со учениците од VI одделение.

Воспитно – образовниот кадар од нашето училиште во текот на учебната 2022/23 година имаше можност да посети и учествува во неколку обуки и семинари, за што е изготвена целосна листа која е во прилог на овој извештај. Исто така во текот на учебната година се реализираа и двете обуки на наставниците во организација на БРО, а реализирани од страна на ЦЕС академија на тема: ***„Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост“*** и ***„Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“***, со која беа опфатени сите наставници. Стручните соработници пак ги посетија обуките: ***„Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој“*** и ***„Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима на час“.***

Се правеше дисеминација на активности од посетени семинари во рамките на стручните активи.

Стручните активи работеа според свој план и програма под раководство на претседателите избрани на последниот состанок од минатата година, некои од седниците се водеа во живо, а некои се водеа онлајн на Microsoft Teams. Освен тековни прашања, размената на искуства од посетени семинари, беа третирани и стручни теми подготвени од самите наставници или од стручната служба. Програмата по активи е во целост реализирана, а активностите по седници се евидентирани во записници. На сите редовни состаноци на стручните активи беше присутна стручната служба за што водеше паралелни записници, а се вклучуваше со свои стручни теми и согледувања.

Одделенските совети и Наставничкиот совет работеа според своја годишна програма, која целосно е реализирана, а исто така според потребите се одржуваа и вонредни состаноци на одделенските совети и наставничкиот совет. Поради тоа што се покажаа како поефективни и поефикасни, дел од седниците на одделенските и наставничките совети се организираа на конференциската платформа Microsoft Teams, а за истите има и записници.

Соработката на училиштето со родителите се одвиваше плански на родителските средби и индувидуално по барање на родителот или одделенскиот раководител. Се случуваше одреден одделенски раководител, стручен соработник или директорот индивидуално да повика родител на разговор, се со цел да се надмине ситуацијата со неговото дете.

## СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Ова подрачје ги опфаќа следните активности:

- планирање на наставниот материјал;
- аналитичко студиска и истражувачка работа;
- водење на педагошка евиденција и документација; и
- работа на училишната библиотека.

По сите горенаведени прашања активностите течеа континуирано во текот на целата учебна година и беа успешно реализирани. Годишните планирања и според насоките од МОН беа навреме и квалитетно изготвени, а исто така редовно и квалитетно се изготвуваа и оперативните планирања. Наставниците од I, II, IV и V одделение планираа и работеа според новата концепција, за што добија обуки во текот на месец август 2022 година. Сите наставници го користеа унифицираниот оперативен план изготвен од стручната служба и директорот. Оперативните планови за час секојдневно се испраќаа на е-маил адреса од училиштето, а стручната служба водеше евиденција за истото. Во текот на учебната година по завршувањето на секој класификационен период беше вршен увид врз водењето на одделенските и електронските дневници на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Стручната служба изготвуваше извештаи по наставни периоди за постигнувањата на учениците, кои беа разгледувани на седниците на Наставничките совети.

Сите семинари кои беа организирани од БРО и МОН во текот на годината и за кои имавме покана, беа посетени од страна на соодветни наши наставници, со што имплементацијата на евентуални промени и новини се изврши навремено, а квалитетот на наставата се подигна на повисоко ниво.

Во текот на учебната 2022/23 година се реализираа неколку аналитичко – истражувачки активности. Се спроведе анкета со наставниците за планирање активности за следната 2023/24 година. Обработените податоци ќе бидат дел од Годишната програма за работа на училиштето за 2023/24 година. Исто така се спроведиваа анкети за наставници, други вработени, ученици и родители во рамки на Интегралната евалуација 2022. Податоците ќе се искористат за подобрување на целокупното работење во училиштето, преку поставување приоритети за следните учебни години.

Од страна на стручната служба и директорот, како и од државниот просветен инспектор редовно се правеше увид во водењето на педагошката евиденција и

документација, посебно по завршувањето на секој класификационен период. Забелешките се внесуваа во евидентни листови за наставниците. Уредно се водеа педагошките картони и професионалните досиеја од наставниците.

Од страна на тим инспекори од Државен Просветен Инспекторат беше реалзирана Интегрална евалуација во петиодот од 16 – 19ти Ноември 2023. За истата беше доставен Нацрт извештај според кој изготввме Акционен план за надминување на слабите страни. Оцената од Интегралната евалуација беше висока и констатирано беше дека тоа е само поради добрата работа на училиштето, со оглед на тоа дека немам спортска сала и оградено училиште во Лескоец.

Оваа учебна година за прогласување на првенец на училиштето се користеа редефинираните критериуми од минатата учебна година, а за 2022/23 година тоа беше ученичката Наталија Тодороска, која свечено беше прогласена на Денот на училиштето и ѝ беа врачени диплома и награди.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ЛЕСКОЕЦ

Програмата за работа на библиотекарот за учебната 2022/23 е планирана по месеци. Поголем дел од планираните активности се реализирани во текот на учебната година.

**Септември**
Извршен е прием, распределба и евидентирање на учебниците. Изготвени се записници за доделените учебници на учениците. Заради поуспешно функционирање на библиотеката, како и поголема прегледност, се пристапи кон уредување на истата. За таа намена извршена е поделба на книжевниот фонд според потребите на наставната програма по македонски јазик, односно поделба на лектирните изданија по одделенија. Во соработка со наставниците по македонски јазик и одделенските наставници, направен е список на изборни лектири кои недостасуваат.

**Октомври**
Со ликовен и литературен конкурс одбележан е Светскиот ден на учителот, 5ти октомври. Најуспешните творби беа изложени во холот на училиштето. Општинскиот натпревар Млади библиотекари не се одржа во месец октомври, туку беше закажан за месец април. Библиотекарот заедно со наставничката Дијана е дел од Еразмус проект во Република Чешка заедно со претставници од Шпанија ,Полска, Финска, Украина и Чешка, каде учествува во презентација за техники за учење и во разни работилници.








**Ноември**



Учениците ја добиваат потребната литература за време на одморите , исто така добиваат и упатства и друга помош потребна за приготвување на наставната единица по македонски јазик.
По повод месецот на книгата учениците создадоа творби на оваа тема, дел од нив беа изложени во холот на училиштето.
Одбележан е Светскиот ден на детето – 20 ти Ноември со изработка на хамери на оваа тема од страна на учениците.

**Декември**



Новогодишниот базар и претставите на учениците по повод Новогодишните празници се одржаа во нашето училиште. Со средствата собрани од базарот подоцна се купија лектирни изданија. Во соработка со неколку ученици ,психологот на училиштето  и наставничката по ликовно образование изработени се новогодишни украси.Извршено е декорирање на холот на училиштето и ходниците со украси од хартија, елки и други декорации.

**Февруари-Март**

По повод 8-ми март распишан е ликовен и литературен конкурс, а најуспешните творби се изложени во холот на училиштето.
Со средствата собрани од Новогодишниот базар купени се 30 лектирни изданија за предметна настава, со што е збогатен фондот на лектири за учениците.










**Април-Мај**

Во текот на овој месец се пристапи кон подготовка за натпреварот. На општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ учествуваа следните ученички од шесто одделение- Ана Ставреска, Андреа Базгалоска, ученичките Анастасија Котоска, Ангела Иваноска и Ивана Шикалоска од седмо одделение и ученичката Сара Аслимоска од осмо одделение при што добија благодарници за учеството. Библиотекарот учествува во конкурсот за најдобра литературна и ликовна творба по повод патронатот на училиштето на тема „МОЈОТ ХЕРОЈ. Извршена е нарачка на учебици за следната учебна година.Изготвени се списоци за дополнување на потребните литературни изданија во библиотеката.Извршен е избор на ученици кои прочитале најмногу книги во библиотеката. Новите лектирни изданија и слободна литература заведени се во библиотечната книга.






**Јуни**

По повод 111 години од раѓањето на Ванчо Николески во градската библиотека Григор Прличев беше оджран Омаж посветен на неговиот живот и творечки пат. Библиотекарот заедно со наставничката од четврто одделение и нејзините ученици присуствуваа на овој настан. Беа прочитани песни кои до сега не се објавени и дел од серијата *Белото циганче*. Потоа учениците го посетија детскиот дел во библиотеката и добија информации како да се зачленат.





Доставени се комплетите учебници кои се користени од страна на учениците во учебната година и сместени во библиотеката. Изготвени се записници за вратените учебници врз основа на извештаите од одделенските, односно раководителите на паралелките во училиштето.Направен е список на неупотребливи учебници за отпис и расходовање од изминатите неколку години.Изготвена е програма за работа на библиотеката во наредн



## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И СО РОДИТЕЛИТЕ

Оваа учебна година се вратија приредбите со физичко присуство по повод одбележување одредени празници, а сите активности постојано беа промовирани преку нашата Веб страна и во локаните медиуми, од каде родителите, месното население и локалната среднина можеше да се информира со сите новини и училишни активности. Родителските средби се организираа според донесениот план, а родителите беа вклучени во животот и работата на училиштето преку Советот на родители, преку соработката со медиумите и преку Веб страната на училиштето која е во насока на промоција на училишните активности.

По повод доаѓањето на Нова година во Лескоец и во подрачните училишта беа организирани новогодишни приредби. Новогодишните приредби се состоеја од изведба на рецитали и пеење новогодишни песнички од страна на учениците, а беа збогатена и со драмски претстави. На крајот од приредбата на учениците им беа подарени новогодишни пакетчиња од Дедо Мраз. Исто така, во соработка со родителите беше организиран и Новогодишен базар, каде можеше да се погледнат и купат прекрасните новогодишни изработки што учениците ги направиле заедно со нивните наставници и родители. Новогодишниот базар беше отворен со свечена приредба, а потоа продолжи со посета на штандовите со изработки од секоја паралелка/одделение. Воочлива беше новогодишната атмосфера, креативниот амбиент, среќата и задоволството кај сите присутни. Средствата што се собраа од Новогодишниот базар се насочија за остварување на дел од ученичките иницијативи, односно за озвучување на големиот телевизор во училишниот хол.









Оваа година училиштето својата свечена програма за патрониот празник ја подготви на тема: „Мојот херој – мој идол!”. Тимот од училиштето одговорен за одбележување на Патрониот празник направи програма во која се вклучија наставници со ученици од сите училишта и твореа на дадената тема и со свои перформанси имаа настап во Домот за култура во Лескоец.




## ЕДНОКРАТНИ РАБОТИЛНИЦИ СО УЧЕНИЦИ

### Работилница во соработка со ЈУНП Галичица



На 26.05.2023 год. се одржа работилница во просториите на Националниот парк „Галичица“, со тема за работилницата „Млади истражувачи“ со нашите ученици од V одд.

Работилницата се одржа во просториите на Националниот парк и плус на терен во Националниот парк, предавачот постигна будење на сите сетила кај учениците кои побудија голема заинтересираност за настава во природа и изучување на растителниот и животинскиот свет, како и заштита на природата. Учениците беа

запознаени за Националниот парк што е и кои се правилата на однесување во паркот, за сите карактеристики на безрбетниците исто така и за нивната поделба по групи. Учениците беа поделени во групи, секоја група имаше одговорно лице од националниот парк и сите ученици добија матријал за работа на терен. Во склоп на работилницата учениците беа во улога на млади истражувачи биолози, истражуваа во природа и собирање на матријали од безрбетната копнена фауна, потоа собраниот матријал го истражуваа на бинокулар каде учениците ја видоа градбата на безрбетните животни.









На 01.11.2022 год. се одржа посета во просториите на ЈП Водовод-Охрид со ученици од 5 одделение (вкупно 24) со наставник по Природни науки во рамки на Program Erasmus +,проектот СЕ ГРИЖАМ - Се грижам за Климатски аспекти, рециклирање и еколошки вредности

Посетата се одржа во просториите на ЈП Водовод Охрид за,, Квалитетот и чистотата на водата за пиење,, во градот Охрид. Предавачот не внесе во просторијата каде се прочистува водата, на учениците им се објасни од кои извори доаѓа водата до централниот дел од Институцијата Водовод и каде се собира во специјални резервоари под земја, додека пак во просторијата се наоѓаа големи пумпи со шибери за отворање и затворање на водата исто така и барометри кои го покажуваа притисокот на водата кои им објаснија на учениците дека всушност тие пумпи даваат

притисок за да се снабдуваат домаќинствата. Вработената им објасни на учениците за квалитетот на водата и како на кој начин ја дезинфицираат водата за пиење, дека всушност ја хлорираат додаваат хлор  во дадени граници нормални за луѓето. Се зеде примерок вода во епрувета за да им се покаже како се дезинфицира со хлор. Им се објасни на учениците дека водата треба биолошки, хемиски и физички да е исправана за пиење и не треба да содржи никакви честички ниту пак микроорганизми и Институцијата Водовод соработувала со Јавно Здравје за тоа каква всушност вода пиеме. Учениците поставуваа многу прашања кои вработените ни одговорија и научивме многу повеќе за чистотата на водата. Најчесто поставено прашање од учениците беше за белото заматување на водата која ја пиеме, но вработените ни објаснија дека тоа всушност не е хлор туку е количина на гасови во вид на меурчиња ситни и ни изгледа како хлор.

Посетата потоа продолжи во друга просторија каде таа просторија беше за испитување на водомерите нивната исправност, баждарење и пломбирање. Вработениот таму ни ги покажа водомерите исто така и машините со кои се испитува нивната исправност, им објаснија на учениците дека водомерите всушност служат за мерење на количината на водата во домаќинствата колку е потрошено. Потоа заедно сите ученици со вработен од Водовод отидовме до еден извор кој е во близина да го посетиме. Учениците беа воодушевени од посетата бидејќи научија многу нешта за квалитетот на водата за пиење во градот Охрид.






Училиштето остварува успешна соработка и со институции од општината и републиката (бРО, МОН, кино, музеи, театри и сл.).

Соработката со Советот на родители е на задоволително ниво, се реализираа редовните состаноци во живо или на конференцискиот сервис Microsoft Teams и се дисутира во интерес на учениците и училиштето како целина. Оваа учебна година новоизбраните членови од Советот на родители беа редовни на состаноците од Училишен одбор.

## ГРИЖА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Активности кои се реализираа во текот на учебната година, а кои припаѓаат на ова воннаставно подрачје се: одржување хигиена во училишните простории и во просторот околу училишната зграда, лична хигиена на учениците, хигиена на исхраната и водата, лекарски прегледи и вакцини, и предавања од здравствен карактер подготвени од стручната служба, општинскиот Црвен крст, Центар за јавно здравје, Медицински центар Охрид и невладини организации.

Ова година во соработка со Центарот за јавно здравје, а со поддршка од Локалната самоуправа Охрид, во училиштето два пати се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во соработка со родителите се реализираа планираните систематски лекарски прегледи за учениците, вакцинирањето и систематските прегледи на забите на учениците од одделенска настава.

## СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на нашето училиште се реализира соработка со повеќе невладини организации.

Постојано се реализира соработка со **Црвен Крст ООЦК – Охрид**, бидејќи во нашето училиште има основна организација на Црвен Крст, а исто така функционира и Подмладокот на Црвен Крст, што си има посебна програма за реализација, која се реализира во целост.

Во рамки на предметот Граѓанско обрзование, а во соработка со ОО Црвен Крст Охрид, по повод 5ти Декември (Денот на волонтерите) со учениците од VIII беше реализирана интерактивна дисеминациска работилница за Волонтеризмот, преку која тие имаа можност да се запознаат со Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, со принципите, со значењето на амблемот, како и со активностите што ги спроведува оваа организација на национално и локално ниво. Посебен акцент беше ставен на волонтерите и волонтирањето, како клучен фактор за успешно реализирање на сите активности на Црвен крст и помагање таму каде што е најпотребно. Учениците поставуваа прашања, а најмногу беа заинтересирани за мотивот за волонтирање, карактеристиките на волонтерот како личност, како и нематеријалните придобивки на личен и професионален план што ги стекнува волонтерот во процесот на волонтирање.





Овие активности се во насока на поттикнување на хуманоста кај учениците, почит кон другите, разбирање и толеранција на различните од нив и помагање онаму каде што е потребно.





Соработката со Здружението на граѓани **„Проект за македонските училишта“ („Macedonian school project“)**, кое секоја година го поддржуваат нашето училиште со донации продолжи и оваа година. Во текот првото полугодие од 2022/23 година поставивме голем телевизор во училишниот хол, набавивме компјутер за информатичкиот кабинет, а и поставивме плексиглас табла за благодарност кон ова Здужение кое веќе 4 години го помага нашето училиште.





Во Април 2023 добивме позитивен одговор за апликацијата доставена до Здружението на граѓани Macedonia schools project, кои на наше барање ни обезбедија средства за за изградба на училница во природа (Gazebo classroom) во вредност од 2500$. Средствата се добиени, почната е изградбата на истата кој треба до крајот на оваа календарска година да биде ставена во функција. Проектот го отпочнавме, а се очекува да се заврши до декември 2023. Носител на Macedonian school project во нашето чилиште е педагогот Весна Терзиоска.

## ДЕТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА

Во нашето училиште успешно функционираат две ученички организации: Детската организација и подмладокот на Црвен крст.

По повод **Детската недела** која секоја година се одбележива во првата полна недела од октомври, оваа година првачињата од ООУ „Ванчо Николески“ од Лескоец, но и од подрачните училишта во Косел и Куратица официјално станаа дел од Детска организација. Детската недела која се одбележува секоја година во првата полна недела од месец октомври, оваа година во нашето училиште се одбележа со мала свечена приредба и давање заклетва, првачињата гласно и јасно го кажаа детското ветување, дека ќе учат вредно, ќе се грижат за себе и другите и ќе постигнуваат резултати во учењето.






Подмладокот на Црвениот крст организира неколку акции од хуманитарен карактер во собирање парични средства за наши ученици на кои им беа потребни, со што се настојуваше да се изгради чувство на хуманост и пружање помош на други луѓе на кои таа им е неопходна.

На 15-ти Мај учениците од IV одделение по повод неделата на семејството имаа настап и предавање со група пензионери во ООЦК Охрид.





## Извештај за работата на Ученичкиот парламент во учебната 2022/23 година

Согласно изготвен план и програма за работа во учебната 2022/23 година во нашето училиште работеше Училишниот парламент под раководство на наставничката Александра Петревски. Учениците посветено и ажурно ги реализираа поставените цели во програмата за работа.



***Беа реализирани следните работилници:***

**Септември** - избран претседател на парламентот и двајца ученици претставници на Училишен одбор, запознавање со планот и програмата за работа на Училишен парламент.
**Октомври** - прикажана презентација за Детски права, изготвување листа со детски права.
**Декември** - украсување елка со детски права.

**Февруари** - анализа на постигнат полугодишен успех на учениците при ООУ „Ванчо Николески“.
**Март** - дебата на тема „Емпатија и помош на децата со посебни потреби“.
**Мај** – работилница за врсничко насилство со учениците од V одделение.
**Јуни** - спроведено предавање за придобивките на училиштето од Еразмус проектите.





## ПРОЕКТИ

Покрај редовните и тековни активности со Еразмус проектите: *„Се грижам“, „Нашата култура-нашата иднина“*, *„Стратегии за намалување на нередовноста на учениците“,* членовите на Еразмус Клубот - под раководство на координатор на Еразмус+ тимот во училиштето: наставничката Елисабета Настоска и Весна Терзиоска помагаа во активности кои тековно се задаваа за потребите и задачите на проектите.

Така, во рамките на еколошките активности се реализира активност за собирање на пластични капачиња кои подоцна ќе се употребат да се создаде еколошка порака, искуство преземено од посетените земји во рамки на овие проекти.

**Проект: „Балансирано образование за сите, преку физичка активност, креативни предизвици и помош во заедницата ,за време на пандемија и пост-пандемија“**

Оваа година нашето училиште беше вклучено во проектот „Балансирано образование за сите, преку физичка активност, креативни предизвици и помош во заедницата ,за време на пандемија и пост-пандемија“ .Цел на овај проект беше да се промовира холистички пристап кон растот и развојот на учениците (во пандемија и пост-пандемија) со нивно мотивирање да ја прошират и збогатат својата дневна рутина преку обмислено и значајно вклучување во реализација на активности и предизвици од три широки категории: физичка активност и спорт, креативни активности и помош кон заедница. Во проектот беа вклучени учениците од VII, VIII и IX одделение од нашето училиште.

**Во првата категорија физичка активност** реализиравме турнир во футсал и масовен час по фитнес. Во турнирот футсал беа поделени учениците во три различни екипи и играа по ситем секој со секого момчињата од VII, VIII и IX одделение од нашето училиште со следниов редослед: прво место освои екипата од 9-то, второ место екипата од 6-то и 7 –мо и како трето пласирани 8-мо одделение. Втора активност во оваа категорија е масовен час по фитнес кој го реализиравме со

девојчињата од 7-мо, 8-мо,и 9-то одделение и педагогот Весна Терзиоска во училиштниот хол со изведување вежби за обликување, јакнење и истегнување на целото тело во ритам на музика.







**Во втората категорија креативни активности** организиравме изложба на ученички дела изработени од рециклирани материјали и изведба на локален традиционален танц. Во оваа категорија во првата активност изработивме повеќе реквизити за часот по физичко и здравствено образование и тоа: пали за хокеј (ги направивме од пластични шишиња наполнети со пурпена и дрвени рачки), на ПВЦ подлоги – церада материјал со боја направивме повеќе отисоци од дланка и стапало, сталки за трчање цик цак ги изработивме во ПВЦ кофи се постави гипс и ПВЦ цевка, исцртавме маса за играње шах и од пластични капачина изработивме подлога во училишниот двор за традиционалната игра „Џиздија“. За изработка на овие реквизити беа вклучени учениците од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение, колегите Зорица Азеска Спасеска и хаусмајсторот Дарко Лолески. Ви втората активност од оваа категорија го игравме традиционалниот танц Охридски, во изведба на учениците од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение со кои реализзиравме повеќе проби и направивме видео запис во училишниот хол, а за да бидат облечени девојчињата во исти фустани ни помогна колешката Емилија Блажеска.





**Во третата категорија помош кон зедницата** во училишниот двор создадовме катче со традиционалната игра „Џиздија“ изработена од пластични капачиња кои ги собиравме во училиштето во период од два месеци. Во оваа активност како и пртходно беа вклучени учениците од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение.







За сите активности од овај проект се изработени видео запис кои ги изработија учениците од нашето училиште Андреј Маркоски, Стефан Богоески и како надворешен соработник Марко Апостоловски. Кординатори на овај проект во нашето училиште во сите активноси се наставниците по физичко и здравствено образовани Валентина Караѓуле Модева и Петар Киселинов.

Како награда за реализација на овај проек од Здружението за индивидуален, организациски и општествен развој – Раст и Развој Скопје; анг. GROWTH & DEVELOPMENT Skopje, добивме: две кожни топки за ракомет, три кожни топки за кошарка, три топки кожни за одбојка и две игри Џенга дрвени во боја. Учеството во овој проект придонесе за правилен психофизички развој, зајакнување на здравјето, градење навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото кај ученикот. Континуираниот ангажман го поттикна натпреварувачкиот дух и социјализацијата што придонесува во градење на самодоверба кај ученикот, кој осозна дека преку спортот со упорност и со истрајност може да се надминат предизвиците од секојдневните животни ситуации.

## ПРОЕКТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ДЕМОКРАТСКА КЛИМА

**Септември**

Изготвена беше програма за работа во учебната 2022/23 од тимот за Граѓанско образование. На наставнички совет со истата беа запознаени сите предметни наставници во училиштето. **Исто тка кон крајот на сепември беше** одржан состанок на Mikrosoft Teams со присутни ученици, Александра Петревски - наставник по Граѓанско образование и Елена Ел Нади - наставник по Биологија, каде преку техниката Бура на идеи, демократски беше избрана тема за работа на проект и истата гласеше „Храна на иднината“.

**Истиот месец направивме план и програма за договорениот проект:**

- ✓ истражување за микробилки
- ✓ посета и интервју на локален производувач на микробилки

- ✓ спроведување работилница „Засади микробилки во училница“
- ✓ надгледување, полевање и добивање готов производ- Хранливи Микробилки
- ✓ отворен ден за Граѓанско образование (презентација и новогодишеен базар)

**Октомври**

Го посетивме производителот на микробилки Сања Бачевски која ни ги претстави микробилките како храна на иднината. Учениците добија одговори на прашањата:

- ✓ Што се микробилки?
- ✓ Кои услови се потребни за одгледување на микробилките?
- ✓ Како се произведуваат?
- ✓ Што содржат микробилките?
- ✓ На кој начин се конзумираат?







**Ноември**

Состанок на тимот на кој се обработија стекнатите сознанија за микробилки; се изготви план и програма за реализација „Садење микробилки во училиштето со производител на истите (Сања Бачевски); се изготви план и програма за реализација „Отворен ден во училиштето со цел презентирање на микробилки и стекнати сознанија“, а исто така се интегрираа предметите Граѓанско образование и Унапредување на здравјето, односно се извлекоа сродни допирни точки и поврзување на наставните содржини.

**Декември**

Имавме организирано садење микробилки во училиште. Учениците поставуваа соодветни садови за садење микробилки, посејуваа соодветно количество земја во садовите, со прскалка соодветно ја навлажнуваа земјата и сееја органски нетретирани семиња од јапонска ротквица, кинеска ротквица, брокула и пченка и одново попрскуваат.







На 26. 12. 2023 направивме отворен ден на училишниот базар, со цел претставување на сработеното, каде имавме презентација пред родители, наставници и ученици, отворена дискусија, дегустација и поставен штанд со микробилки на организиран училишен базар.









## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

### ETWINNIG проекти

ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец од јнуари до јуни 2023 година беше вклучено во Е – Твининг проектотот „Forgoten words“/„Заборавени зборови“. Учествуваа 8 ученици од VII и IX одделение, а под менторство на наставничката по англиски јазик Елисабета Настоска.

Проектот се релизираше онлајн, а целта на проектот беше учениците да ги воочат заборавените зборови, да се потсетат на истите и да ги возобноват во комуникацијата. Овој вид учење е многу важен за учениците, бидејќи имаат можност да се запознаат со ученици на своја возраст од други држави низ Европа и со нив да комуницираат на англиски јазик и користат исти ИКТ алатки.

Како резултат на успешно завршената работа, училишето, наставничката и сите учесници добија сертификати.

### ERASMUS+ проекти

- „Се грижам за климатските аспекти, рециклирањето и еколошките вредности/ I take care of Climate Aspects, Recycling and Ecological Values“, а соработуваме со училишта од земјите: Шпанија – координатор, Естонија, Финска, Полска и Чешка;
- „Наша култура, наша иднина/Our culture, our future“), а партнери сме со училишта од земјите: Романија – координатор, Италија, Португалија, Хрватска (остров Корчула) и Турција; и
- „Стратегии за подобрување на редовноста и намалување на бегањето од часови/ Strategies for improving attendance and reducing truancy“, а соработуваме со училишта од: Италија – координатор, Италија, Турција, Србија и Словенија.

Покрај редовните и тековни активности со Еразмус проектите, образовните мобилности во: Турција (Ризе и Салили), Португалија (Лисабон), Хрватска (Корчула), Италија (Лоди и Исерни, Финска (Кеми), Словенија (Љубљана), Македонија (Охрид два пати домаќин), Чешка (Храдец), Шпанија (Аликанте), членовите на Еразмус Клубот и одговорните лица на Еразмус проектите помагаа во активности кои тековно се задаваа за потребите и задачите на проектите.

За секоја образовна мобилност е изготвен посебен извештај со сите активности реализирани во рамки на истата.






Erasmus+
OKULUMUZDA ERASMUS +
2020 - 1- RO01 - KA229-079850-4 NUMARA
OUR CULTURE OUR FUTURE
İSİMLİ PROJE YÜRÜTÜLMEKTEDİR.
TIME FOR ERASMUS+


KEMI




RİZE - ARDEŞEN
IŞIKLI 60. YIL ORTAOKULU




Erasmus+
TIME FOR ERASMUS+








"OUR CULTURE
OUR FUTURE"




"OUR CULTURE
OUR FUTURE"







## ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА

Во годишната програма за работа на училиштето, согласно препораките од МОН беа планирани активности за антикорупциска едукација на учениците. Планирани и реализирани беа повеќе активности за антикорупциска едукација за спроведување во текот на учебната 2022/23. Беа планирани и спроведени следниве активности: предавање, презентација, работилница и дебата на соодветни наставни содржни по предметот Граѓанско образование VIII и IX одделение.

Според планот и програмата дебати за Антикорупција беа вклучени во наставните содржини:

1. Медиумите во демократското општество *(корумпирани и некорумпирани медиуми)*
2. Демократија
3. Власта во функција на граѓаните *(презентација за антикорупција)*




Преку разговор, дебата и дискусија се поттикнуваше антикоруптивна свест кај учениците, се развиваше критички став и неприфаќање на коруптивни понуди. Се нагласуваше почитување на демократски права, живот во некорумпирано општество и користење на слобода на говорот на јавните гласила, при што граѓаните би следеле некорумпирани и независни медиуми.

Учениците беа запознати со поимот корупција/антикорупција, беше спроведено истражување за корупција, беше изготвен хамер со техника дрво на проблеми и решавање прашалник со клучните поими како и споделување на индивидуални чувства и мислења на учениците. Програмата за Антикорупција тековно беше вклучена во обработка на наставните содржини по Граѓанско образование во VIII и IX одделение, често се организираа дебати по соодветни примери за корупција, (беше презентирано видео за непотизам со познатиот македонски режисер Милчо Манчевски). Учениците ги искажуваа своите мислења.



Учениците според планот и програмата пополнија анкетен лист и напишаа есеи за корумпирано општество и на тој начин направија анализа и синтеза на стекнатите сознанија и ја истакнаа својата желба да живеат во правна држава и демократско општество каде ќе се почитуваат човековите права и нема да има мито и корупција.

Програмата за антикорупција е корисна за учениците, особено е поврзана со содржините на предметот Граѓанско образование и истата им овозможува на учениците да ја подигнат својата свест, да превземат иницијатива за демократско живеење, за еднакви права и да развијат став против корумпирано општество.

## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Наставниот план и наставната програма во сите паралелки и по сите предмети се целосно реализирани, се реализираа вкупно 180 наставни дена.

2. Образовните резултати се за 17 стотинки подобри во однос на минатогодишните - 4,42. Минатата година средниот успех бил 4,25.

3. Редовноста, дисциплината и поведението оваа учебна година беа во рамките на очекувањата. Навремено се решаваа проблемите од недисциплино однесување, а изречените педагошки мерки во првото полугодие беа повлечени на крајот од годината, така што сите ученици на крајот се оценети со примерно поведение.

4. Учениците учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење, а се стекнаа и со пласман за државен натпревар, каде исто така имавме овоени награди (по географија и природни науки), со што успешно се промовираше училиштето.

5. Нашето училиште продолжи со реализација на низа проекти, и тоа: 3 Еразмус+ проекти, Проект за подобрување на демократската клима во училиштето на тема Здрава храна, проектот ПМИО за кој се одобрени средства за реализација на заеднички активности со партнер училиштето и за следната година, Проект за балансирано образование и развој.

6. Сите активности континуирано се документираа и се промовираа преку локалните медиуми и/или Веб страна на училиштето, која постојано се ажурира со нови податоци.

7. Беа обезбедени донации од 1 голем телевизор, 1 компјутер за во информатичката училница, материјали за изградба на инклузивна соба, што значи дека постојано се работи на подобрување на опременоста на училиштето.

## ЗАДАЧИ:

1. Јакнење на капацитетите на училиштето за организирање и реализирање современа настава.

2. Рамномерно распределување на работните задачи меѓу воспитно – образовниот кадар и зголемување на преземањето одговорност во реализација на активности надвор од редовните часови - зајакнување на чувството на припадност и колективната свест.

3. Преземање иницијативи за дисеминација на знаења и искуства во рамки на стручните активи за наставници кои чувствуваат потреба.

4. Ставање акцент на вонпаставните активности, со кои кај учениците ќе се развиваат практични вештини и способности.

5. Вклучување во нови проекти и продолжување со реализација на постоечките проекти.

6. Реализирање на приоритетите поставени во Годишната програма за работа на училиштето.

**Јули, 2023**

**Извештајот го изготви**
**стручната служба**

**ООУ „Ванчо Николески“**